Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија“ бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ бр 89/22 и 171/22), **Општина Штип,** на ден 30.05.2024 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За урбанистичка документација ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, СО НАМЕНА А-ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, програмска задача финансирана од страна на нарачател-инвеститор, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на урбанистичка документација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, СО НАМЕНА А-ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Цепокупните активности во оваа област ќе се насочуваат кон обезбедување на непречен просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, здрава и хумана средина за живот и работа. Во границите на планскиот опфат како подрачје наменето за градење се предвидени градби од класите како и класи кои се компатибилни на основните класи: А, Д3 и Е2. Како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање услови за планирање на организираните простори со намени предвидени во ГУП и ДУП, во границите на градежниот опфат на општина Штип. Одредување на плански опфат, со програмски содржини кои треба да бидат предмет на планирањето. Изработка на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, СО НАМЕНА А-ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП со површина на планскиот опфат од 227060,4m2. Определување на општи и посебни смерници за изработка на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, СО НАМЕНА А-ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.18-3251/2
30.05.2024
Штип

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов